Влада на Република Северна Македонија

Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Скопје/Shkup, 17 мај 2022 година/viti

Бр./Nr.: 41-4558/1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Скопје - Shkup
Примено: / Pranuar më: 26.05.2022
Орг. един. / Njësia org.: 08 | Број / Numër: 1209/5 | Прилог / Shtojcë: | Вредност / Vlera:

До Министерство за образование и наука

Скопје

Во прилог за извршување ви се доставува Решението за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Правна реторика и аргументација“ на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесено од Владата на Република Северна Македонија, под бр.41-4558/1 од 17 мај 2022 година.

м-р Методија Димовски
генерален секретар на Владата
на Република Северна Македонија

Подготвил: Даниела Давитковска, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Контролирал: Љубица Р. Димовска, државен советник
Снежана М. Пендовски, државен советник
Согласен: Зоран Брњарчевски, раководител на сектор

Прилог 1 :

Доставено и до:
- Агенција за квалитет во високото образование

рз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 17 мај 2022 година, дава

## РЕШЕНИЕ
### за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Правна реторика и аргументација" на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Правна реторика и аргументација" на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

По добивање на Решение за акредитација бр. 08-611/6 од 14.12.2022 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, достави барање бр. 09-1433/3 од 29.12.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-1209/1 од 30.12.2021 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии „Правна реторика и аргументација" на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-1209/2 од 10.1.2022 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 14.1.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08-1209/3 од 7.2.2022 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Правна реторика и аргументација" на Правниот факултет „Јустинијан Први" - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование*, Решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за

акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.
Решението задолжително се објавува на веб страната на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

Бр. 41-4558/1
17 мај 2022 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Димитар Ковачевски

Подготвил: Даниела Давитковска
Проверил: Никола Пасков
Контролирал: Лубица Р. Димовска / Снежана М. Пендовски
Согласен: Зоран Брњарчевски
Одобрил: м-р Методија Димовски